Јавно претпријатие за водоснабдување
Студенчица
Ndërmarrja Publike për Furnizim me Ujë
Studençica
Бр./Nr. 02-1101/1
05.08 2025 год./vit.
Кичево - Kërçovë

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17 и 11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24),член 20-д од Закон за вработените во јавниот сектор("Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" број 143/19 , 14/20 и 208/24)и член 8 став 1 и член 37 став 1 точка 4 од Статутот на ЈП за водоснабдување „Студенчица“ Кичево, а во врска со спроведена постапка за вработување на неопределено време во Агенција за администрација, по јавен оглас бр.662/2025 објавен на 01.07.2025 година согласно закон, Директорот на ЈП за водоснабдување „Студенчица“ Кичево донесе

# О Д Л У К А

## за избор за вработување на неопределено време на административен службеник на работно место: помошник директор за правни, заеднички работи и човечки ресурси

1. По оглас бр.662/2025 за вработување на неопределено време објавен на 01.07.2025 година во три дневни весници, за работно место помошник директор за правни, заеднички работи и човечки ресурси, со шифра КДР 01 02 Б01 010, 1 (еден) извршител, од пријавените кандидати кои ги исполнуваат условите по огласот, се избира следниот кандидат :

- **Катерина Попоска од Кичево**

2. Директорот во рок од 5 дена од конечноста на одлуката ќе донесе решение односно склучи договор за вработување на определено време.

3.Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

На барање на ЈП„Студенчица“Кичево, Агенција за администрација на РСМ на ден 01.07.2025 година во три дневни весници објави оглас бр.662/2025 за вработување на неопределено време заклучно со 15.07.2025 година на 1 (еден) извршител административен службеник, за работно место : помошник директор за правни, заеднички работи и човечки ресурси, со шифра КДР 01 02 Б01 010.

Комисијата за селекција за вработување, спроведе селекција на пристигнатите пријави по огласот, изготви записник со арх. бр.10-1567/6 од 18.07.2025 година, со кој констатира дека од пријавените 3 (три) кандидати за работното место, има само 1 (еден) уреден кандидат и 2 (два) неуредни кандидати. Во втора фаза продолжува уредниот кандидат со Индентификациски код 82С36СА со закажан термин за испит за административен службеник за ден 01.08.2025 година.

Комисијата за селекција за вработување изготви записник од спроведениот испит за административен службеник со арх. бр.10-1567/8 од 01.08.2025 година, со листа на кандидати кои го полагале испитот, Во трета фаза продолжува кандидат со Индентификациски код 82С36СА кој го положол испитот, со закажан термин за Интервју за ден 04.08.2025 година.

Комисијата за селекција за вработување изготви записник од спроведена проверка на веродостојност на докази и интервју со арх. бр.10-1567/9 од 04.08.2025 година, со листа на кандидати со кои е спроведено интервју, каде е нотирано дека кандидатот со Индентификациски код 82С36СА има освоени бодови 17.99.

Комисијата за селекција за вработување достави Конечна ранг листа на сите кандидати од сите фази на селекција за вработување и Предлог за вработување со арх.бр. бр.10-1567/10 од 04.08.2025 година, со предлог за работно место помошник директор за

правни, заеднички работи и човечки ресурси,со шифра КДР 01 02 Б01 010, со Индентиф-икациски код 82C36CA, Катерина Попоска со вкупен број на освоени бодови 79.75 СЕ ПРЕДЛАГА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ.

Предвид гореизнесеното се донесе одлука како во диспозитивот.

**Правна поука: Против оваа одлука незадоволниот кандидат во рок од 8 дена, од приемот, може да изјави жалба до Агенција за администрација на РСМ.**

**ЈП„Студенчица"Кичево**
**Директор**
**м-р Дејан Пандилески**

Јавно претпријатие за водоснабдување
Ndërmarrja Publike për Furnizim me Ujë
Студенчица
Studençica
Kërçovë
Кичево